# Дневна хемеротека за 05.05.2015г.

## Дневник - [ЕУ со забрани за користење најлон-кеси, кај нас уште ќе се наплаќаат]

Дневник ONLINE

Датум: 04.05.2015, 16:32

Ми се допаѓа 1

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### ЕУ СО ЗАБРАНИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НАЈЛОН-КЕСИ, КАЈ НАС УШТЕ ЌЕ СЕ НАПЛАЌААТ



Европската Унија го забранува користењето на тенките најлон-кеси. Во ЕУ пресметале дека досега секој жител годишно трошел во просек по 200 кеси, а до 2020 овој број треба да биде намален на 90. Според новите правила изгласани во ЕУ, земјите-членки ќе можат да избираат меѓу две мерки. Едната е да ја намалат просечната годишна употреба на пластични кеси до 90 примероци за секој граѓанин до крајот на 2019 година и на 40 примероци до крајот на 2025 година. Втората мерка е воопшто да не ги користат од крајот на 2018 година. Во нашето Министерство за животна средина велат дека самата наплата на кесите од страна на продавачите треба дестимулативно да влијае на купувачите да не ги купуваат. Засега од нивна страна не се планира некое ограничување, бидејќи кај нас се користат само биоразградливи кеси. Објаснуваат дека производителите на кеси плаќаат надоместок од 0,8 денари за килограм за кеси за транспорт на стоки и истиот е задолжителен од крајот на јануари 2012 година. Средствата собрани од наплатата на надоместокот се приходи на Буџетот на Република Македонија и се плаќаат на посебна сметка.

Нема бројка колку кеси трошиме

Во Министерството за животна средина велат дека нема податок колку најлон-кеси се користат годишно во земјава.

- Согласно Законот за животната средина се донесе наредба со која се задолжија продавачите на стока за широка потрошувачка да ги наплаќаат кесите што не се изработени од биоразгладлив материјал. Воедно, согласно истиот член се донесе наредба со која се забрани пуштање на пазар кеси кои не се биоразградливи. Со оваа измена се овозможи продавачите сами да одлучат дали ќе ги наплаќаат или нема да ги наплаќаат кесите во продавници во кои се врши продажба на производи за општа потрошувачка. Средствата од наплатата на кесите при продажба се приходи на продавачите - велат во ресорот. Според нив, средствата собрани од надоместокот за управување со отпад од пакување и од надоместокот што се плаќа за кеси за транспорт на стоки се користат за поттикнување на активности за собирање, транспорт, повторна употреба, преработка и отстранување отпад.

- Финансирањето и реализацијата на горенаведените активности се врши врз основа на годишна програма за финансирање што Управата за животна средина ја подготвува, а ја донесува Владата по предлог на министерот. Доделувањето на средствата од оваа програма се врши по пат на јавен конкурс. Со исклучок, средствата од програмата може да се доделат за изградба на инфраструктурни објекти за собирање, преработка и отстранување отпад од поширок јавен интерес - објаснуваат во Министерството за животна средина.

За бесплатно давање пластични кеси во маркети или други продавници фирмата може да биде казната и до 6.000 евра.

Огромна штета на природата

Европскиот парламент деновиве изгласа директива со која се ограничува користењето на тенките најлонски кеси. Се проценува дека жителите на Унијата употребуваат околу 100 милијарди кеси, а од нив околу осум милијарди завршуваат во природата. Според новиот пропис, секоја членка на ЕУ до 2019 година можно е да им забрани на трговците бесплатно да делат тенки кеси. Ирска во 2002 година воведе данок за пластични кеси и така ја намали нивната употреба за 90 отсто. Најмногу кеси трошат балтичките земји, потоа Унгарија, Полска, Словачка и Словенија – 466 по жител.

- Зборуваме за огромен еколошки проблем. Милијарди пластични кеси се фрлаат директно во природата како непреработен отпад. Ова ја загадува природата, а прави штета на рибите и птиците - вели Маргарет Аукен од Партијата на зелените.

**Валентина Ангеловска**

## САД ГОДИШНО КОРИСТАТ 100 МИЛИЈАРДИ КЕСИ

Светската потрошувачка на најлонски кеси годишно достигнува меѓу 500 милиони и милијарда парчиња. Само во САД годишно се користат 100 милијарди кеси, за чие производство се потребни 12 милиони барели нафта. Во Средоземно Море секој час завршуваат околу 400 тони отпад, од кои 80 отсто е пластика, при што е голем уделот токму на најлонските кеси.

Меѓу земјите во кои е забрането нивното производство и користење се Кина, Јужна Африка, Тајван, Бангладеш, Бутан, Израел и Руанда.

## МАКЕДОНИЈА ПРВА НА БАЛКАН ГИ ЗАБРАНИ КЕСИТЕ

Македонија беше меѓу првите земји во Европа и прва на Балканот што ги забрани најлонските кеси за употреба во трговијата. Инаку, Италија е првата земја од ЕУ што забрани употреба на најлонски кеси на почетокот од 2010 година. Според процените, секоја година еден Италијанец користи 400 најлонски кеси и, до неодамна, Италија беше еден од најголемите производители и потрошувачи на најлонски кеси. Податоците велат дека една кеса се користи во просек 12 минути, а се разградува во следните 20 до 1.000 години.

## **Фактор** - *Вработените во Министерство за финансии наскоро со велосипед на работа*

ФАКТОР



## Вработените во Министерство за финансии наскоро со велосипед на работа

мај 4, 2015

Tweet 0 Like 6 Share 6 +1 0 Share

Грижејќи се за поздрава животна средина, но и за здравјето на своите вработени Министерството за финансии за службени потреби почна да користи велосипеди.

По примерот на Гугл, вработените од Министерството своите работни задачи низ градот отсега натаму ќе ги извршуваат на велосипед.

Вработените со голем ентузијазам ја прифатиле идејата, па наскоро низ скопските улици ќе можат да се видат велосипедите со таблички на Министерството за финансии.

Ваква иницијатива разгледуваше лани францускиот Министер за сообраќај Фредерик Куливие.

## Порта 3 - *Малме – град со висока еколошка свест*

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

### Малме – град со висока еколошка свест

Шведска е во самиот светски врв на земји кои се грижат за заштита на животната средина, а некои нејзини градови се единствени во светот кога станува збор за овие прашања. Градот Малме има цели квартови како на пример Augustenborg, каде високата еколошка свест на граѓаните е забележлива на секој чекор.

Комуналната служба го собира отпадот со помош на коњски запреги, а работата како комунални работници главно ја извршуваат Швеѓани. Многумина од нив имаат факултетски дипломи, но утврдиле дека оваа работа им причинува задоволство. Работата е исклучително добро платена, па тие не се ни малку оштетени и во материјална смисла.



Градските власти поддржуваат основање на здруженија кои волонтерски ја уредуваат околината или пак садат цвеќе, овошје и зеленчук од што имаат повеќекратна корист.

Малме е исто така, град кој има решение за справување со поплавите, и долгорочно работи на збогатување на биодиверзитетот.



Познат е случајот со кинескиот повеќемилионски град Tangshan, кој е изграден врз основа на искуствата од Малме. Притисокот на кинеските градови денес е огромен, односно 15-20 милиони нови жители во градовите има секоја година. Tangshan Bay Eko-City е новиот дел на градот Tangshan, кој е изграден со цел проширување на капацитетот на новите населби и создавање на нови работни места. Во изградбата учествувале шведски експерти и применет е шведскиот пример на изградба со систем на поврзани канали. Водата со канали се насочува на повеќе нивоа – градско ниво, дистриктно (окружно) ниво, и квартно ниво со зелени покриви како додаток. Оваа вода може да се користи за залевање на зелените површини и околните фарми.



Во Малме, населбата Augustenborg е пример за вакво користење на водата. Оваа населба во минатото имала големи проблеми со поплави, но тоа е решено токму со поставување на најголемиот зелен покрив во Скандинавија кој се протега на 9.000 квадратни метри, и систем на поврзани канали. Биодиверзитетот во населбата е збогатен за 50%, а населбата добила убав и модерен изглед. Со тоа се создадени услови за живеење во симбиоза со природата, што е навистина реткост за урбаните населби.

